**Совет за одржливо стопанисување со шумите во Република Македонија** **PEFC BS 06:2021**

**Институт за сертификација на шумите во Словенија**

**Асоцијација на соптвеници на приватни шуми "Наша Шума", БиХ**

# Правила и процедури за групна сертификација на шуми

Име на документот: Правила и процедури за групна сертификација на шуми

Ознака на документот: PEFC BS 06:2021

Усвоено од:

Совет за одржливо стопанисување со шумите во Република Македонија на 01.06.2021

Институт за сертификација на шумите во Словенија на 10.06.2021

Асоцијација на соптвеници на приватни шуми "Наша Шума", БиХ на 01.06.2021

Датум на влегување во сила: 10.06.2021

Овој документ е подготвен на база на меѓународниот стандард на PEFC Council: Group Forest Management Certification (PEFC ST 1002:2018), (правата за умножување се заштитени од страна на PEFC Council).

Ниту еден дел од документот не може да се промени, дополни, репродуцира или копира во било која форма или со било кои средства за комерцијална намена без дозвола од сопствениците на овој стандард.

Овој документ е достапен на веб страните на националните застапници или нивните седишта.

Официјалната верзија на овој стандард е на англиски јазик. Доколку постои неконзистентност помеѓу верзиите на македонски и на англиски јазик, верзијата на англиски јазик признаена од Советот на PEFC се смета за референтна.

**Вовед**

PEFC Council (Програма за Признавање на Системи за Сертификација на Шумите) е глобална организација која го промовира одржливото стопанисување со шумите преку сертификација на шумите и означување на производите кои потекнуваат од шума. Производите кои поседуваат PEFC декларација и/или лого укажуваат на потврда дека материјалот кој е употребен во производниот процес потекнува од шуми кои се стопанисувани на одржлив начин.

Начинот на стопанисување со шумите се разликува во различни земји и региони поради различните еколошки, социјални, економски и историски аспекти. Како резултат на таквите околности, PEFC Council вклучува системи и стандарди кои се базирани на локалните услови.

Овој документ е дел од Балканскиот Систем за Сертификација на Шумите (БССШ). Овој систем е валиден во Словенија, Северна Македонија и Босна и Херцеговина и е во согласност со меѓународните барања на PEFC за групна сертификација на шумите, PEFC ST 1002:2018. Барањата кои се опишани во овој стандард се задолжителни за лидерите на групата кои имаат целосна одговорност за спроведување на групната сертификација во име на сите членови на групата.

Групната сертификација придонесува за полесно спроведување на сертификација на шумите од страна на малите сопственици на шума кои поради трошоците, ограниченото познавање за сертификација на шумите и поради други причини не се во возможност да преземат такви чекори. Групната сертификација на шумите го споделува севкупниот трошок помеѓу поголем број на учесници така што проверката од трета страна се спроведува секоја година на одреден примерок од учесниците. Плановите за стопанисување со шумите и нивните еквиваленти се подготвени и администрирани од страна на лидерот на групата.

**1. Опфат**

Овој документ ги дефинира барањата кои се задолжителни за лидерот на групата и за членовите кои учествуваат во групна сертификација на нивните шумски имоти. Овој документ е применлив во три земји кои припаѓаат на Балканскиот регион: Словенија, Северна Македонија и Босна и Херцеговина. Овој документ може да им послужи и на членки на PEFC кои се од земјите кои припаѓаат или граничат со Балкаснкиот регион и сакаат да се приклучат кон БССШ доколку ги прифатат принципите на истиот и ја прифатат документацијата која е дел од истиот (сем стандардот за одржливо стопанисување на шумите).
Балканскиот систем за сертификација на шумите им помага на напорите на земјите кои сакаат да се приклучат кон БССШ и со тоа да ги поддржат глобалните напори на PEFC за одржливо стопанисување со шумите (ОСШ).

Имајќи предвид дека секоја од земјите кои ги опфаќа БССШ има специфични територијални одлики, овој стандард дозволува создавање на групни организации кои не се ограничени на било која територијална организираност во земјата (региони, општини, кантони), сопственички статус или друг лимитирачки фактор за создавање на групна организација. Групната организација е дозволено да се создаде од членови кои имаат униформни одлики (само физички лица на пример) или пак може да биде мешавина од шуми во сопственост на државата и/или приватни и/или општински и/или регионална сопственост.

За групната организација задолжително е да ги дефинира границите на регионот и принципите за воспоставување на групна организација (достапни податоци за шумите, изработка на планови за стопанисување со шумите, мониторинг, пазарни потреби) или пак организација на група без одредени граници која функционира на ниво на кантон, земја или што и да е применливо за групната организација.

**2. Нормативни референци**
Националните стандарди за одржливо стопанисување со шумите во Словенија, Северна Македонија и Босна и Херцеговина според PEFC се адекватно нормативна референца за спорведување на овој стандард во секоја од наведените земји:
PEFC MK Стандард за одржливо стопанисување со шумите – PEFC MK 03:2020
PEFC SL Стандард за одржливо стопанисување со шумите – PEFC SL 03:2021
PEFC B&H Стандард за одржливо стопанисување со шумите – PEFC BH 03:2020

**3. Поими и дефиниции**
Поимите и дефинициите наведени во ISO/IEC Guide 2 се применливи заедно со следните дефиниции.

**Засегната заинтересирана страна:** заинтересирана страна која може да искуси директна промена во условите на живеење или работа предизвикани од активностите на групната организација. Оваа дефиниција главно се однесува на сопственици на шума, индустрија за преработка на дрво, соседни заедници, домородни групи на луѓе, работници итн.

**Ревизија:** систематски, независен, документиран процес кој содржи записи, изјави за факти или други релевантни информации и нивно објективно проценување за да се одреди нивото на исполнување на специфичните барања.

**Сертифицирано подрачје:** површина под шуми и површина со шумски видови на дрвја кои се опфатени со систем за стопанисување со шумите кој одговара на стандардот за ОСШ како дел од БССШ кој е донесен во согласност со PEFC. Во контекст на групната сертификација на шуми, сертифицираното подрачје е збир на површини под шума кои припаѓаат на учесниците во групата и се опфатени со групен сертификат за ОСШ.

**Документирана информација:** барана информација која е контролирана и одржувана од страна на групната организација во било кој формат, медиум и од било кој извор.

**Документ кој потврдува учество во групна сертификација на шуми:** документ кој е издаден на индивидуален член и се однесува на групниот сертификат со кој се потврдува дека членот припаѓа на опфатот на групна сертификација на шумите.

**Застапник на групната организација:** тело кое ги претставува учесниците и има генерална одговорност за обезбедување на сообразност со одржливо стопанисување на шумите и во однос на другите барања утврдени со БССШ.
*Забелешка 1: терминот застапник на групната организација е еднаков на терминот регионален застапник.*
*Забелешка 2: организирана група се однесува на групен или регионален застапник со членови.*

**Регионален/групен сертификат за ОСШ:** документ со кој се потврдува дека групната организација ги исполнува барањата на референтниот стандард за ОСШ како и останатите барања кои се дел од БССШ.

**Регионален/групен план за стопанисување со шумите:** документирани информации кои содржат специфични цели, активности и контролни механизми. Покрива планирани измени на групниот систем за стопанисување и барањата на стандардот за ОСШ кои се образложени на групно ниво. Во случај на постоење на систем за јавно планирање на стопанисување со шумите, истиот може да го замени регионалниот/групен план за стипанисување со шумите доколку е тоа адекватно.

**Регионален/групен систем за управување:** низа на поврзани елементи на организацијата за да ги постигне целите и резултатите кои произлегуваат од стандардот за ОСШ. Во случај на постоење на систем за јавно планирање на стопанисување со шумите, иститот може да се смета за адекватен.

**Регионална/групна организација:** група на **членови** кои се претставувани од **лидерот на групата** со цел спроведување на барањата на стандардот за ОСШ и сертификацијата. Членовите потпишуваат договор со лидерот на групата за учество во групна сертификација и се спремни да ги исполнат барањата на стандардот за ОСШ и другите барања утврдени со БССШ.

**Ентитет на групата:** правно лице кое ги претставува учесниците, со целокупна одговорност да обезбеди усогласеност на стопанисувањето во сертифицираното шумско подрачје со барањата на стандардот за ОСШ и другите барања утврдени со БССШ. За таа цел, ентитетот на групата употребува групен систем на управување.
*Забелешка: структурата на ентитетот на групата треба да ги следи активностите, бројот на учесниците и другите основни услови за групната организација. Ентитетот може да е претставен од едно лице.*

**Внатрешна ревизија:** систематски, независен, документиран процес за собирање на податоци, факти или други релевантни информации и нивно објективно проценување за да се одреди нивото на исполнување на специфичните барања, преземени од групната организација.

**Учесник во групна сертификација:** сопственик на шума, стопанисувач со шума или друг ентитет кој е опфатен со групен сертификат, има потпишано договор со ентитетот на групата, има легално право да ја стопанисува шумата на прецизно утврдена површина и е способно да ги исполнува барањата на стандардот за ОСШ.

**Мониторинг:** детерминирање на статусот на одреден систем, процес или активност.

## 4. Контекст на групната организација

### 4.1 Разбирање на групната организација и контекстот на истата

Групната сертификација на шумите се однесува на ограничено подрачје каде истата е спроведена од овластена организација и обезбедува доброволно учество на индивидуални сопственици на шуми и други учесници.

Имајќи го предвид бројот на сопственици на шума, нивните потреби и очекувања, расцепканоста на шумските имоти, методот за планирање на шумите, со цел да се обезбеди ефикасност во однос на трошоците, недискриминација и заради методот на собирање и обработка на податоци кои се однесуваат на состојбата на шумите, групната сертификација е префериан избор.

Заради фактите кои се изнесени погоре, мала земја или кантон може да се дефинира како едно подрачје за сертификација, иако истото може да е поделено во повеќе региони или групи на сопственици на шуми од различни административни нивоа доколку е подобро во смисла на прибирање на податоци.

*Забелешка: поширокиот термин Балкански регион не треба да се подразбира во контекст на област за групна сертификација.*

### 4.2. Одредување на опфатот на групниот систем на управување

Главна цел на сопствениците на шуми е ефикасноста во однос на трошоците на шумската сертификација. Земјите кои се вклучени во БССШ имаат голем број на мали сопственици на

шума и сосопственици. Групната сертификација обезбедува малите сопственици на шума да постигнат еднаква позиција во продажбата на сертифицирани производи од шума со конкурентни цени. Индивидуалната сертификација води кон дискриминација на малите сопственици на шума, особено преку високи трошоци по површина споредено поголемите сопственици на шума. Групната сертификација мора да обезбеди оправдување за создавање на групата во пишана форма, опфатот на групниот систем за управување, географските граници и применливоста на истиот. Опфатот задолжително е достапен во вид на документирана информација.

### 4.3. Групен систем на управување

Групната организација која е одговорна за одредување и спроведување на групниот систем кој ги вклучува и ставовите на засегнатите заинтересирани страни и нивните очекувања. Учесниците во групата се предмет на програма за внатрешен мониторинг и ревизија која е опишана во внатрешните процедури на застапникот на групата. Во случај кога групната организација се јавува како трговец со сертифициран материјал, задолжително е спроведувањето на стандардот PEFC Chain of Custody.

### 4.4. Исполнување на барањата на стандардот за ОСШ на групно ниво

Барањата кои се дел од националната легислатива задолжително се исполнуваат на групно ниво и воедно се врши мониторинг над нивното исполнување. Податоците кои се однесуваат на исполнување на барањата од националната легислатива се собираат на ниво на група, се ревидираат и се земаат во обзир при планирање на теренска ревизија, со што може да се сметаат за доволни доколку информациите се собрани независно и со точност и ниво на доверливост кое е споредливо или повиско од податоците кои може да се соберат при извршување на ревизија за шумска сертификација.

## 5. Лидерство

### 5.1. Улога на организацијата, одговорности и овластувања

#### 5.1.1. Функции и одговорности на ентитетот на групата

Стандардот бара следните функции и одговорности на ентитетот на групата да бидат одредени:

а) да спроведува и да одржува ефективен систем на управување кој ги опфаќа сите учесници во групата;

б) да ја претставува групната организација во процесот на сертификација, вклучително и комуникација и односи со телото за сертификација, поднесување на апликација за сертификација и договорни односи со телото за сертификација;

в) да донесе пишани процедури за управување со групната организација;

г) да донесе пишани процедури за прифаќање на нови членови во групата. Овие процедури мора да покриваат најмалку верификација на информациите за контакт со учесникот, јасна идентификација на неговиот шумски имот и големината на истиот;

ѓ) да донесе пишани процедури за суспензија и исклучување на членови во групата кои не ги корегираат неусогласеностите со стандардот;
Членови на групата кои биле исклучени од било која група за сертификација на база на неусогласеност со стандардот не може да се прифаќаат во група во период од 12 месеци по исклучувањето.

е) да чува документирани информации за:
- групниот ентитет и усогласеност на членовите на групата со барањата на стандардот за ОСШ и другите барања на БССШ,
- сите учесници, вклучително детали за контакт со истите, идентификација на нивниот шумски имот и големина,
- областа на сертифицирано шумско подрачје,
- спроведување на внатрешни програми за мониторинг, ревизија и било какви преземени превентивни и корективни активности;

ж) да се поврзе со сите учесници на основа на задолжителен писмен договор кој задолжително вклучува посветеност на учесникот во исполнувањето на барањата на стандардот за ОСШ. Ентитетот на групата мора да има пишан договор или друга писмена согласност со сите учесници кој ги покрива правата на групниот ентитет за спроведување и извршување на корективни и превентивни мерки како и да иницира исклучување на учесник од опфатот на сертификацијата во случај на неусогласеност со стандардот за ОСШ.

*Забелешка: барањето за посветеност на учесникот и пишан договор или друга писмена согласност со сите учесници може да биде задоволено преку посветеност и пишана согласност на веќе постојна организација, група или членство, како што е асоцијација на сопственици или корисници на шуми, програма за ОСШ и апликација за даночно програмирање, каде организацијата демонстрира дека има правна основа да ги претставува учесниците и каде нивната посветеност и условите на договорот се извршни.*

з) да обезбеди за учесниците во групната организација документ со кој се потврдува нивното учество во групна сертификација;

и) да обезбеди за учесниците во групната организација информации и упатства за ефективно спроведување и одржување на стандардот за ОСШ и други барања кои произлегуваат од БССШ;

ј) да се осврне на сите неусогласености пријавени од членовите на групата кои биле идентификувани во други сертификации по PEFC и да обезбеди имплементација од страна на сите членови во групата;

к) да спроведе внатрешна прогрма за мониторинг која придонесува за евалуација на усогласеноста исполнувањето на барањата на сертификацијата од страна на членовите;

л) да спроведе годишна програма за ревизија која ги опфаќа и членовите и групниот ентитет;

љ) да спроведе ревизија на управувањето со групната сертификација и да делува според резултатите од спроведената ревизија;

м) да обезбеди потполна соработка и помош во ефикасен одговор на барањата кои доаѓаат од телото за сертификација, телото за акредитација, PEFC International или Националното тело за управување со PEFC за релевантни податоци, документација или други информации, да дозволи пристап до шумските области кои се во опфат на групната сертификација и други објекти, без разлика дали се во врска со формалната ревизија или на друг начин поврзани или имаат влијание на системот за управување.

**5.1.2 Функции и одговорности на учесниците**
Во однос на функциите и одговорностите на учесниците во групната сертификација, стандардот ги има следните барања:

а) учесникот задолжително потпишува договор со групниот ентитет, вклучително и изјава за посветеност во иполнувањето на барањата на стандардот за ОСШ и другите барања кои произлегуваат од БССШ, како и согласност дека учесникот во групата кој е исклучен од било која група за сертификација не моѓе да аплицира за членство во групата во период од 12 месеци по исклучувањето;

*Забелешка: барањето за пишана согласност и посветеност на учесникот може да биде задоволено преку посветеност и пишана согласност во веќе постојна организација, група или членство, како што е асоцијација на сопственици или корисници на шуми, програма за ОСШ и апликација за даночно програмирање, каде организацијата демонстрира дека има правна основа да ги претставува учесниците и каде нивната посветеност и условите на договорот се извршни.*

б) да му обезбеди на групниот ентитет информации за претходни сертификации на шумата;

в) да ги исполни барањата на стандардот за ОСШ и другите барања кои произлегуваат од БССШ како и барања кои произлегуваат од системот за управување;

г) да обезбеди потполна соработка и асистенција во ефикасно одговарање на сите барања од групниот ентитет или сертификациското тело за релевантни податоци, документација и други информации; дозвола за пристап до шумата и други објекти, без разлика дали се во врска со формалната ревизија или се на друг начин поврзани или имаат влијание на системот за управување.

д) да го информира групниот ентитет за неусогласености идентификувани во други PEFC сертификации кои не се дел од истата групна сертификација.

ѓ) да ги спроведува корективните и превентивните мерки кои се наложени од групниот ентитет.

**5.2 Посветеност и политика на групниот ентитет**

**5.2.1** Групниот ентитет задолжително се посветува:

а) да обезбеди усогласеност со барањата на стандардот за ОСШ и другите барања кои произлегуваат од БССШ;

б) да ги интегрира барањата за стандардот за групна сертификација во системот за управување на групниот ентитет;

в) континуирано да го подобрува системот за управување на групниот ентитет;

г) континуирано да го поддржува подобрувањето на ОСШ од страна на учесниците во групата;

Посветеноста на групниот ентитет може да е дел од политиката за менаџмент со групата и на барање е задолжително јавно достапна во вид на документирана информација.

**5.2.2** Учесниците мора да покажат посветеност:

а) да ги следат правилата на системот за управување на групата;

б) да ги спроведуваат барањата на стандардот за ОСШ при спроведување на активности на нивните имоти;

## 6. Планирање

**6.1** Измените кои се планираат на ниво на системот за управување мора да се вклучат и во планот за управување со групата.

**6.2** Барањата кои произегуваат од стандардот за ОСШ на групно ниво мора да бидат разгледани, одлучени и спроведени во планот за управување со групата.

## 7. Поддршка

**7.1.** Претставникот на групата мора да обезбеди доволни средства за воспоставување, спроведување, одржување и континуирано подобрување на системот за управување.

**7.2.** Претставникот на групата мора да обезбеди спроведување на системот за управување со групата и да извршува редовни внатрешни ревизии во групата. Бараните квалификации за таа улога се диплома за шумарски инженер и минимум 2 години теренско искуство. Бараните квалитети за претставник на групата се исто така поврзани со основно познавање на канцелариска работа, архивирање и компјутерско работење.

**7.3.** Претставникот на групата мора да обезбеди процес на комуникација за да ја зголеми свесноста на учесниците во однос на:
а) политиката на управување во групата;
б) барањата на стандардот за ОСШ;
в) нивната улога и придонес во ефикасноста на системот за управување и во ОСШ, вклучително и користа од подобри перформанси на групата;
г) импликациите кои произлегуваат од неисполнување на барањата на системот за управување;

**7.4.** Претставникот на групата мора да која внатрешна и надворешна кокмуникација е релевантна на групниот систем за управување. Тоа вклучува:
а) за што се комуницира;
б) кога се комуницира;
в) со кого се комуницира;
г) како се комуницира;

**7.5.** Претставникот на групата мора да постави подобен механизам за разрешување на жалби и поплаки кои се однесуваат на управувањето со групата и активности кои се однесуваат на ОСШ.

**7.6** Документирани информации кои се релевантни за системот за управување и усогласеноста со барањата на стандардот за ОСШ мора де се:
а) апдејтирани
б) достапни и спремни за употреба кога е потребно;
в) адекватно заштитени во смисла на доверливост, несоодветна употреба и загуба на интегритет;

## 8. Операции

**8.1** Групната организација мора да планира, спроведува и да ги контролира процесите, со цел:

- исполнување на барањата на стандардите за групна сертификација и ОСШ;

- исполнување на барањата неведени во глава 6 од овој стандард;

**8.2** Планирањето, спроведувањето и контролата опишана во 8.1. мора да се спроведе:

- преку дефинирање на задолжителни процеси и поставување на критериуми за истите;
- спроведување на процесите во согласност со поставените критериуми;
- чување на документирани информации до ниво кое е потребно да се стекне доверба дека процесите се спроведени како што било планирано.

## 9. Евалуација на перформансите

**9.1.** Мониторинг, мерење, анализа и евалуација

**9.1.1.** Тековната програма за мониторинг ќе обезбеди доверба во усогласеноста на групната организација со стандардот за ОСШ, а особено ќе обезбеди информации за:
- области кои ќе бидат под мониторинг и ќе се мери нивното исполнување;
- методите за реализација на мониторингот, мерењето, анализата и евалуацијата за да се обезбедат валидни резултати;
- кога се извршува мониторингот и мерењето;
- кога резултатите од мониторингот и мерењето се анализираат и оценуваат;
- кои документирани информации мора да се достапни како доказ за резултатите;

**9.1.2.** Групниот ентитет мора да ги оценува перформансите и ефикасноста на менаџментот со групата во однос на барањата на стандардот за ОСШ.

**9.2 Внатрешна ревизија**

**9.2.1 Цели**

**9.2.1.1.** Барањето на овој стандард е спроведување на годишна внатрешна ревизија со која ќе се обезбедат информации дали групниот систем:
- е усогласен со барањата на самата организација за групен систем за управување;
- е усогласен со барњата на стандардот за групна сертификација;
- обезбедува спроведување на стандардот за ОСШ на ниво на учесник;
- е ефективно спроведен и одржуван.

**9.2.1.2.** Внатрешната програма за ревизија мора да го опфати групниот ентитет и сите учесници во групата. Групниот ентитет мора да реализира годишна интерна ревизија. Учесниците во ревизијата се селектираат на база на примерок.

**9.2.2** Организација
Внатрешната програма за ревизија мора да опфати најмалку:
- планирање, поставување, спроведување и одржување на програми за ревизија вклучително и честината на спроведување, методите, одговорностите, барањата за планирање и известување, кој мора да ги земе во обзир и важноста на самиот процес и резултатите од претходните ревизии;
- дефинирање на критериумите з ревизија и опфтот на истата;
- компетентноста на внатрешниот ревизор (познавање на шумарството, стандрдот итн);
- избор на ревизори и извршување на ревизија за да се обезбеди објективност и непристрасност во процесот на ревизија;

- обезбедување дека резултатите од ревизијата се репортирани до манаџментот на групата;
- чување на документирани информации како доказ за спроведување на програма за ревизија и резултати од истата.

**9.3. Селекција на учесници во внатрешната програма за ревизија**

**9.3.1** Селекцијата на учесници во внатрешната програма за ревизија мора да вклучи:

а) одредување на големина на примерокот;
б) одредување на категории на примерокот;
в) дистрибуција на примерокот по категории;
г) начин на избор на учесници.

Во случај на учество во претходни организации или групи, како асоцијација на сопственици/корисници на шуми, задолжително е дополнително одредување на примерок. Правилата за дополнително одредување на примерок се наведени во поглавјето 9.3.2.3.

**9.3.2. Одредување на големина на примерокот**

**9.3.2.1** Одредување на големината на примерокот се одредува како квадратен корен од бројот на учесниците (y=√x), заокружено на цел број.
Системот на процена на групната сертификација мора да е базиран на процена на ризикот и раслојување.

**9.3.2.2.** Внатрешна оцена на лидерот на групата

При извршување на ревизија, бројот на учесници најмалку мора да изнесува:

• При прва ревизија: y = √x

• При годишна проверка: y = 0.6 * √x

• При повторна ревизија или трансфер на сертификатот: y = 0.8 * √x

y = број на контролирани сопственици
x = број на учесници во групата

Подетални упатства за извршување на проценка и одредување на примероци се дефинирани во Упатството за спроведување на групна/регионална сертификација на шуми на национално ниво.

**9.3.2.3** Големината на примерокот може да се адаптира на стандардот земајќи ги во предвид еден или повеќе од следните индикатори:

а) Резултатот од проценка на ризикот. Во овој случај девијациите на примероци во случај на низок или висок ризик за индивидуални категории мора да се дефинираат;

б) Резултатите од внатрешни ревизии или претходни ревизии од сертификациски тела;

в) Квалитетот / нивото на доверливост на внатрешната програма за ревизија;

г) Употреба на технологии кои дозволуваат собирање на информации кои се однесуваат на специфични барања.

*Забелешка: такви технологии се употреба на сателитски податоци или дронови за да се обезбеди доказ за усогласеност за сепцифични барања на стандардот, базирано на одредување на примерок на основа на ризик.*

д) Базирано на други средства за собирање на информации за активности на терен.
*Забелешка: еден од начините е истражување/прашалник помеѓу учесниците кои ќе обезбедат информации за нивните теренски активности.*

**9.3.3. Одредување на категории на примероци**

**9.3.3.1.** Категориите на примероците мора да се постават на база на проценка на ризикот. Индикаторите кои се употребуваат во оваа проценка мора да го одразат географскиот опфат на подрачјето. Подолу се дадени некои од индикаторите кои може да се употребат за проценка на ризикот:
а) тип на сопственост (пример државна, комунална или приватна сопственост);
б) големината на стопанските единици (различни класи на големина);
в) биогеографија (низинско, ридско или планинско подачје);
г) активности, процеси и производи на учесниците во групата;
д) периоди на роатција (старост на дрвјата при користење);
ѓ) обесшумување и конверзија на шуми;
е) богатство на биолошка разновидност;
ж) рекреативни и други социо-економски функции на шумата;
з) зависност од шумските ресурси и инетракција со локални заедници и домородно население;
и) достапни ресурси за администрација, активности, обука и истражување;
ј) владеење на правото и спроведување на законите;

**9.3.3.2.** Услови кои создаваат ризик за секој еден индикатор на ниско, средно и високо ниво и консеквенциите кои произлегуваат од тоа задолжително се земаат во обзир при дефинирање на примероци.

**9.3.4. Дистрибуција на примерок и селекција на учесници**
Примерокот задолжително се дистрибуира по категории според резултатите добиени од порецнка на ризикот. Најмалку 25% од примерокот треба да е селектиран по случаен избор. Процедура базирана на ризик за селекција на учесници задолжително мора да е подготвена.

**9.4. Надворешна ревизија**
Бројот на надворешна ревизија од страна на независно тело за сертификација, како генерално правилно, треба да е помал од бројот на внатрешни ревизии.
Каде е тоа возможно, се применува следната формула треба:

$$n = y * 0.7$$

n = број на надворешни ревизии спроведени од тело за сертификација
y = број на контролирани учесници преку процес на внатрешна ревизија спроведена од претставникот на групата

**9.5. Ревизија на управувањето**

**9.5.1** Годишната ревизија на управувањето вклучува најмалку:

а) статус на активностите предвидени со претходната ревизија на управувањето;

б) промени во надворешни и внатрешни фактори кои се релевантни за системот на управување;

в) статусот на усогласеност со барањата на стандардот за ОСШ, кој вклучува преглед на резултатите од внатрешната програма за мониторинг, внатрешната ревизија и ревизијата и годишните проверки од страна на телото за сертификација;

г) информација за перформансите на групата, вклучително и трендовите во:

- неусогласеност и корективни активности;
- резултати од мониторинг и мерења;
- резултати од ревизија;

д) можности за континуирано подобрување.

**9.5.2.** Резултатите од ревизијата на управувањето мора да вклучат одлуки кои се однесуваат на можности за континуирано подобрување и било каква потреба од промена на системот за управување.

**9.5.3**. Групната организација мора да ги сочува документираните информации како доказ за резултати кои се добиени од ревизија на управувањето.

# 10. Подобрување

**10.1. Неусогласеност и корективни акции**

**10.1.1.** Во случај на неусогласенот, групната организација задолжително:

а) реагира на појава на неусогласеност од страна на членовите и каде е тоа можно:
- презема активности за контрола и корекција;
- се споревува со последиците.

б) ја проценува потребата д ги елиминира причините за неусогласенотс, со цел истите да не се појават повторно по пат на:
- преглед на неусогласеноста;
- одредување на причините за појава на неусогласеност;
- одредување на постоење на слични неусогласености или појава на потенцијално нови.

в) спроведува потребни активности;

г) прави надзор над ефективноста на било која преземена корективна активност;

д) прави промена во групниот систем на управување, доколку е тоа потребно.

**10.1.2.** Групната организација задолжително чува документирани информации како доказ за:

а) природата на неусогласеноста и следните активности преземни во врска со тоа;
б) резултатите од преземените корективни активности;

**10.1.3.** Учесник што бил исклучен од групната сертификација мора да биде ревидиран во процесот на внатрешна ревизија пред да му се дозволи да се приклучи повторно во истата.

Внатрешната ревизија во врска со ова не смее да се изведе пред истекот на 12 месеци од исклучувањето.

**10.2. Континуирано подобрување**
Погодноста, адекватноста и ефективноста на групниот систем за управување и одржливото стопанисување со шумите мора да се подобрува постојано.

**Библиографија**


- IAF MD 1, Mandatory Document for the Certification of Multiple Sites Based on Sampling (IAF MD 1)
- ISO/IEC 17000, Conformity assessment — Vocabulary and general principles
- ISO/IEC Directives, Part 1 — Consolidated ISO Supplement — Procedures specific to ISO, Eighth edition, 2017